РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-157/2
04.02 2022 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 19–а став 1 а во врска со член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и член 20 и 21 од Статутот на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев,, од Пробиштип – пречистен текст бр. 01-307/1 од 18.04.2019 година, Градоначалникот на општина Пробштип распишува:

ЈАВЕН ОГЛАС
за избор на Директор
На Јавното Комунално Претпријатие „Никола Карев,, од Пробиштип

Се распишува јавен конкурс за избор на Директор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев,, од Пробиштип со мандат од 4 години.

Покрај општите услови предвидени со Законот за работни односи кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

1. е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование;
4. Има минимум пет години работно искуство;
5. Има еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС ( IELTS) – најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

2. Кандидатите за избор на директор Јавното комунално претпријатие „Никола Карев,, од Пробиштип треба да достават и своја Програма за работа и за развој на претпријатието, како и следните документи :

- пријава со кратка биографија;
- доказ за стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование;
- доказ за минимум пет години работно искуство;
- уверение за државјанство;
- потврда дека нема забрана за вршење професија, дејност или должност ;

- лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност од овластена здравствена институција;
- доказ за еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик во оригинал или заверен кај нотар, не постар од пет години:
  - ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
  - ИЕЛТС ( IELTS) – најмалку 6 бода,
  - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
  - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
  - БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
  - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

3. Документите од точка 2 треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат во Архивата на општина Пробиштип или по пошта на адреса: Општина Пробиштип ул.Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип со назнака за јавен оглас за избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев" Пробиштип..

4. Јавниот оглас трае 8 (осум) работни дена од денот на неговото објавување а одлука за избор ќе се донесе во рок од 15 дена од завршувањето на јавниот оглас.

5. Некомплетните и ненавремени пријави нема да се земат во разгледување. Материјалите доставени на огласот не се враќаат.

Изготвил, Јованка Данева

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Драган Анастасов